**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Чедомир Личковски**
**именуван за подрачјето**
**на Основните судови**
**Гостивар и Кичево**

**И.бр.734/15**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

**(врз основа на член 48 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020)**

Извршителот **Чедомир Личковски** од Гостивар врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Ристо Беловинов** од Гостивар со живеалиште на ул. Сретко Крстевски бр.50 застапуван преку полномошник Адвокат Златко Димоски од Гостивар, засновано на извршната исправа Пресуда К.бр.44/13 од 16.06.2014 година на Основен суд Гостивар и КЖ.бр.530/14 од 05.02.2015 година на Апелационен суд Гостивар, против должникот **Ѓорѓи Димитриевски** од Тетово со живеалиште во с.Волковија, за спроведување на извршување во вредност 644.700,00 ден., на ден 08.04.2020 година го:

ПОВИКУВА

Должникот Ѓорѓи Димитриевски со живеалиште на с.Волковија Тетово ,должникот Марјан Димитриевски со живеалиште на с.Волковија Тетово и должникот Велибор Димитриевски со живеалиште на с.Волковија Тетово да се јави во канцеларијата на Извршителот Чедомир Личковски од Гостивар со седиште на ул.„Мајор Чеде Филиповски„ бр.2 од Гостивар заради доставување на: Записник за трета продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз чл.186 ст.4 од ЗИ) од 23.03.2020 год,-Заклучок за извршена продажба на недвижност (врз чл.186 ст.6 од ЗИ ) од 23.03.2020 год,-Заклучок за предавање на недвижност во владение (врз чл.189 ст.1 од ЗИ ) од 30.03.2020год и Заклучок за определување на времето за делба (врз чл.202 ст.1 од ЗИ ) од 30.03.2020 год,во рок од 1 (еден) ден сметано од денот на објавувањето на овој јавен повик во јавното гласило.

Се предупредуваат должниците Ѓорѓи Димитриевски, Марјан Димитриевски и Велибор Димитриевски дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Оваа јавна објава се објавува еднократно во дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората, од кога започнуваат да течат роковите за постапување.

ИЗВРШИТЕЛ

Чедомир Личковски